**Значењето на потопувањето**

На почетокот на Новиот Завет, Јован Крстител (како што го знаеме под тоа име) започнал проповедничка кампања. Тој тврдел дека е оној на кого му било ветено дека е испратен да го подготви патот за Месијата. Ги повикал луѓето да ги исповедаат и да се покаат за своите гревови и го објавил доаѓањето на Царството Божјо. Тој, исто така, им се заканил со Божјиот гнев на Фарисеите и Садукеите кои, и покрај тоа што имале авторитетни позиции во еврејското општество, (во пракса) се оддалечиле од Бога. Голем број на обични луѓе го послушале неговиот повик - а оние кои позитивно одговориле беа потопени на места каде што имало „многу вода“, бидејќи за потопување била потребна доволно длабока вода (Јован 3:23). Ваквото целосно потопување (потопување) е суштинско нешто што треба да се забележи.

Потопувањето овде се гледа како јавен знак на тоа дека поединецот ги признава своите гревови и дека верува во Божјото Царство. Тоа го претставува и начинот на кој поединецот формално се поистоветува со проповедањето на Јован да стане негов следбеник. Можеби ќе нè изненади констатацијата дека употребата на потопувањето на овие начини нема директен претходен пример во Стариот Завет. Меѓутоа, миењето на луѓе и миењето предмети е многу очигледно кажано во одредбите на Мојсеевиот закон за тројните цели на осветување, ритуално чистење и поприземни хигиенски добри практики. (Види на пример Излез 19:10-11 и Левит 17:15)

На почетокот на својата служба, Исус дошол кај Јован и инсистирал да биде потопен лично од Јован. Овој настан бил единствено придружен со одговор од небото кој јасно го посочил Исус како ветениот Месија (Матеј 3:13-17). Неговото проповедање го надополнувало Јовановото: тој ги повикал грешниците на покајание и ги осудил еврејските владетели. Јован го објавил доаѓањето на Царството Божјо и на Месијата; Исус тврдел и покажал на многу начини дека тој е Месијата. Исус го следел претходниот пример на Јован и барал неговите ученици да го покажат своето покајание и посветеност на неговото учење така што ќе се потчинат преку потопување - како формален почеток на нивното следбеништво и така ја утврдил неговата суштинска улога во планот за спасение. Еве три примери: за тоа

Исус им рекол на учениците: „Одете по целиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание! Кој ќе поверува и се потопи, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден.” (Марко 16:16)

Тогаш Исус им рекол на учениците: „Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата. Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, потопувајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал! (Матеј 28:18-20)

Исус му одговори на Никодим: „Вистина, вистина, ти велам: ако некој не се роди од вода и Дух, тој не може да влезе во Божјото Царство“. (Јован 3:5)

Дела на апостолите покажува како учениците на Исус ги спроведувале овие упатства и во нив се опишани потопувањ на оние што ја слушнале и поверувале во евангелската порака. Кога народот ја чул проповедта на апостолот: „ги засегна во срцето и му рекоа на Петра, и на другите апостоли: „Мажи, браќа, што да правиме?” А Петар им рече: „Покајте се! И секој од вас нека се потопи во името на Исуса Христа за проштавање на вашите гревови; И така, се потопија оние, кои го прифатија неговото слово. И во тој ден се приклучија околу три илјади души. (Дела 2:37-41)

Други примери во Дела ги вклучуваат оние Самарјани кои одговориле на проповедањето на Филип (Дела 8:12-13), како и службеник од Етиопија (Дела 8:38). Апостол Павле бил потопен од Ананиј (Дела 9:18). Потоа дошол еден римски стотник наречен Корнелиј и неговото домаќинство (Дела 10:47-48), Лидија и нејзиното домаќинство (Дела 16:14-15), неименуван филиписки затворски чувар и неговото домаќинство (Дела 16:32-33) и голем број ученици на Јован Крстител (Дела 19:5). Сите тие следеа слична постапка: го слушаа проповедањето на Евангелието, поверуваа, се покајаа и потоа се поистоветуваа со Исусовото Име со тоа што беа потопени во вода.

Во писмото до верниците во Рим, апостол Павле ја објаснува симболиката на чинот на потопување: „Не знаете ли дека онолку колку што бевме потопени во Христа Исуса, беа потопени во Неговата смрт? Затоа, ние бевме погребани со Него преку потопување во смртта, за како што Христос воскресна од мртвите со славата на Отецот, така и ние да одиме во новост на животот. Зашто, ако сме се соединиле по сличноста на Неговата смрт, сигурно и ние ќе бидеме налик на Неговото воскресение… сега, ако умревме со Христа, веруваме дека и ние ќе живееме со Него“ (Римјани 6:3-4, 5, 8; види исто така Колосјаните 2:12-13). Прифаќањето на евангелието вклучува признавање на смртноста на човештвото како резултат на гревот.

Потопувањето во вода претставува симболична смрт на покајниот грешник, но неговото излегување од водата ја претставува главната надеж на евангелската порака - воскресение за вечен живот. Актот исто така го поистоветува верникот со Исус кој (во неговиот случај, буквално) поминал низ истиот процес на смрт и воскресение. Конечно, потопувањето означува формална и радикална пресвртница во животот на верникот. Нивниот минат стар живот на грев е зад нив, а пред нив се предизвиците на новиот живот на ученик и посветеност на Исус. Овој контраст е појаснет од апостол Павле во пасус во Ефесјаните (*едно од многуте такви учења во Новиот завет*): Затоа спомнувајте си, дека вие, кои некогаш бевте незнабошци по тело... во она време бевте без Христа, отуѓени од израелското општество, и туѓи на заветите на ветувањето, без надеж и без Бога во светот. А сега во Христа Исуса, вие кои некогаш бевте далеку, станавте близу преку Христовата крв.” (Ефесјаните 2:11-13)
Дополнителен аспект на симболиката на потопување е искажан од Павле, кога го раскажува својот разговор со Ананијанците кога требало да биде потопен: „И што се двоумиш сега? Стани, потопи се и измиј се од своите гревови, повикувајќи го името на Господа“. (Дела 22:16; види исто така Евреите 10:22)
Новиот завет го насочува вниманието на две старозаветни случки кои ги илустрираа и ги навестија трите симболични аспекти на потопувањето, а тоа е „чистење“, „смрт и погребување на гревот“ и „воскресение“ за „нов почеток“.
Павле нè упатува да го сметаме чудесното минување на Израелците низ Црвеното Море како „национално потопување“. (Излез 14 и 1 Коринќаните 10:1-2) Долги години Израелците живееле во Египет, кој првично обезбедувал засолниште од гладот во земјата Израел. За жал, ставот на Египќаните се променил и Евреите станале робови работници во земја која била полна со идолопоклонство. На крајот, фараонот неволно се согласил да заминат и да се вратат во земјата на Израел. Тие го напуштиле ропството на Египет, но фараонот „се предомислил“ и ја испратил својата војска во потера која ги заробила Израелците бегалци кај Црвеното Море. Бог интервенирал на чудесен начин: бил создаден сув премин за преминување на Израелците, но кога Египќаните се обиделе да ги следат, водите се вратиле и нивната војска загинала. Така, во преносно значење, египетското ропство било „закопано во водата“. Израелците биле „прочистени и спасени“ од истите води и овој народ започнал „нов почеток“ како Божји избран народ – што е потврдено со давањето на Законот и прифаќањето на заветот на Синај.
На сличен начин, Петар нè повикува да ги сметаме настаните од потопот во времето на Ное како навестување на потопување (Битие 6-9; 1. Петар 3:18-22 ). Светот станал расипан и бунтовен во Божјите очи, што довело до разорен суд во вид на голем потоп. Целата земја била потопена во вода и само еден човек, неговото потесно семејство и избраните животни биле спасени со помош на чунот што бил изграден од Ное следејќи ги Божјите упатства. Повторно гревот и бунтот биле уништени со „закопување во вода“. Ное, неговото семејство и животните биле ‚прочистени и спасени со вода“ и биле во можност да започнат „нов почеток“ во Божјата намера што се развива.
Се покажало дека Исус им заповедал на своите ученици да го следат неговиот пример и да бидат потопени за да го одбележат почетокот на нивното учеништво. Тоа треба да го следи слушањето и прифаќањето на евангелската порака и симболично ја покажува потребата на човештвото да се измие и исчисти од гревот. Потопувањето (закопување во вода) претставува разбирање за смртноста на човештвото. Излегувањето од водата покажува верба и доверба во ветувањето за вечен живот на верниците. Практиката на потопување бебиња не ги исполнува Божјите барања.

Понатаму, потопувањето покажува желба да се поистоветиме со Исус со спроведување на истиот процес на смрт и телесно воскресение што тој го доживеал. Конечно, потопувањето треба да означи и крај и почеток во животот на еден ученик:

*крај на животот без Христос, без надеж, предодреден со конечноста на смртта,      но и
*почеток на нов живот „во Христа“: живот на посветена служба,
со надеж за вечен живот во Царството Божјо.

Забелешка: Значењето на зборовите потопување и крштевање треба да се согледува според ова библиско учење за потопување на возрасните. Ве молиме внимавајте на призвукот на традиционалното разбирање кое ве оддалечува од јасната порака на Библијата. За целосно објаснување погледнете го вашиот примерок на „Што нè учи Библијата“ што ви го дадовме или испратете ни барање - побарајте го pdf поглавјето за оваа важна тема.